# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СКОПСКИ ПАЗАР А.Д. СКОПЈЕ ОД 29.04.2016 ДО 16.06.2017

Во двостепениот систем на управување со Друштвото, согласно прописите од областа на трговското право, особено Законот за трговските друштва и Статутот на Скопски пазар А.Д. Надзорниот одбор има прецизно утврдени обврски и овластувања. Вршењето на контролна и надзорна функција врз работењето на Управниот одбор на Друштвото, од аспект на управувањето е основната обврска и овластување на надзорниот одбор, а особено се однесува на материјално - финансиското работење на Друштвото. При тоа, Надзорниот одбор, почитувајќи ја законската обврска за немешање во ефективното управување со Друштвото, во основа се јавува како регулатор и своевиден коректор на односите кои се воспоставуваат во Друштвото а се во врска со заштитата на законитоста на работењето, имотот, хартиите од вредност, правата, обврските и одговорностите на акционерите и вработените, проверка на книгите и документацијата, сопственичката структура на акционерското друштво и други работи кои се од особена важност за работењето на Друштвото. Овластувањата, правата и обврските на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото се во остварување на контрола и надзор врз работењето на Друштвото и управувањето со него, а во интерес на друштвото во целина и неговите акционери и вработени.

Надзорниот одбор во изминатата година своите активности ги посвети на следење на работењето од аспект на економско-финансиската ефикасност, управувањето со ризиците, пратење и учество во работата на институциите преку кои се формира мнението и општествено-економската критика на стопанските и бизнис текови, усогласување на актите и политиките со тековните измени и дополнувања во законската и под законска регулатива, опсегот, ефикасноста и заштитата на информативниот систем, унапредувањето на наплатата на побарувањата и други активности, особено активности поврзани со статусот и заштитата на недвижниот имот на Друштвото каде се присутни поголеми промени во регулативата.

Работењето на Надзорниот одбор главно се остваруваше на редовните седници кои се одржувани со цел воспоставување на надзорната функција.

Согласно Статутот на Скопски пазар А.Д. Надзорниот одбор се состои од 3 (три) члена

Предраг Милосављевиќ – претседател
Д-р Сашо Арсов – независен член и
Звонко Стојчев – член

Во периодот од 24.04.2016 година до 16.06.2017 година, Надзорниот одбор на Друштвото има одржано 10 редовни седници, на кои се донесени 15 одлуки и 2 одобренија на одлуки на Управниот одбор.

Содржински одлуките се однесуваат на следните прашања: разгледување и усвојување на финансиски план за 2016 година, разгледување и усвојување на квартални и годишен финансиски извештај за работење на Друштвото, разгледување и усвојување на полугодишен и годишен извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија, разгледување на точки по ревидиран дневен ред за Собрание на акционери на 28.07.2016 година, донесување одлука за задолжување и заложување, разгледување и усвојување на Бизнис план за 2017 година, разгледување и усвојување на правилник, процедура и Годишен план за работење на Службата за внатрешна ревизија, одобрение за згаснување и за организирање на подружници, разгледување на ревизорски извештај и проценка за континуитет на друштвото, Одлуки за усвојување на ревидирана годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај, одлуки за отповикување и именување на членови на Управниот одбор на Друштвото, одобрение на одлука за давање овластување за застапување, како и разгледување на предлог барања за Собрание на акционери за 03.05.2017 година.

Показателите се разгледувани аналитички, со осврт на успешноста на планираното и реализираното.

Надзорната функција е остварувана со разгледување на точките од дневниот ред преку пропратна документација – нумерички и други показатели, извештаи, објаснениja, сублимати, образложенија, предлози и друга пропратна документација изготвена и соодветно презентирана од стручните служби и органот на управување. Билансите, ликвидноста, приходите, расходите, нивната структура, сопствените средства, подобрувањата и влошувањата во тековното работење со анализа на причините, усвојување на Годишна сметка, укинување и организирање на подружници, задолжување со кредитни средства, одлука за ставање на недвижен имот под хипотека, продажба на недвижен имот, одлука за утврдување на дивиденден календар, за вршење на годишен попис на имотот, одлука за превземање на градежни работи, одлука за отпис на побарувања, основни средства и ситен инвентар, одлука за доделување на јубилејни награди на вработените, вредносни потврди на пензионираните работници како и одлучување по барања и приговори од работници и друго, се дел од податоците кои ги разгледуваше Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор ги следеше и со органот на управување коментираше и анализираше состојбите во бизнис секторот, општите состојби во стопанството во Република Македонија и други прашања од влијание на работењето на Друштвото.

По потреба се правени и споредби и компаративни анализи со состојбите кај конкуренцијата.

Присутните ограничувања во реализацијата на планираните задачи во 2016 година беа предизвикани и условени од серија неповолни трендови и сеуште постојното и зголемено чувство на општа несигурност. Глобалните текови и натаму беа под продолжено влијание и ефект од светската финансиска криза, како и изразената политичка криза во републиката со висока неизвесност и изложеност на повеќе видови ризици (ликвиден, кредитен и оперативен ризик), а сето тоа имаше значајно влијание врз домашното стопанство и домашниот пазар. Понудата и побарувачката со изразен дисбаланс, појави со пазарна заситеност во секторите трговија и услуги, енормно намалена куповна моќ и стандард на населението, и други влезни параметри и вкалкулирани ризици, тешкотии во агро индустрискиот комплекс, нелојалната конкуренција на пазарот и интервенционизам, рестриктивни понуди на комерцијалните и други банки за кредитирање, отсуство на поттикнувачки инструменти, како и низа други показатели кои негативно делуваа на вкупниот амбиент за дејностите на Друштвото. Овој амбиент го рефлектира ниското ниво на бруто домашниот производ кој во рамки на 2016 година, доколку се погледне неговата структура, приметлив е трендот со намалување во трговијата.

Информацијата за сеуште присутен голем број меѓусебно незатворени побарувања на домашните субјекти во стопанството, произлезени од должничко-доверителските односи кои изразито бавно се решаваат, како и сеуште огромниот број субјекти со блокирани сметки јасно укажува на состојбите на отежната ликвидност, односно изразита неликвидност и за условите во кои се стопанисуваше во календарската 2016 година.

Во наведените пазарни услови Друштвото тешко успева добро да го прилагоди своето работење и да испорача позитивни деловни резултати.

Во 2016 година се затвори едно продажно место со цел постигање на подобри економски ефекти и намалување на трошоци во работењето и тоа СП Маркет Центар поради намалениот обем на работа, а дел од локалите се во фаза на изнајмување на заинтересирани и реномирани бизнис оператори како закупци, со можност Друштвото да обезбедува дополнителен извор на приходи, каков е примерот со ДМ маркетите.

**Вкупните приходи во 2016** година на Друштвото изнесуваат **752.408.675** денари.

**Добивка пред оданочување** остварена во 2016 година изнесува **4.883.124 денари**, односно по пресметка на данокот на добивка **2.816.308 денари,** <u>**нето добивката изнесува 2.066.816**</u> **денари** , што претставува позитивен резултат во неизвесна година.

**Постојаните средства** на ден 31.12.2016 година изнесуваат **1.689.030.624 денари.**
Износот на **тековните средства е 103.935.883 денари.**

**Вкупната актива** на Друштвото изнесува **1.835.483.041 денари.**

**Инвестиции** во 2016 година Друштвото има реализирано во износ од **29.711.906 денари** за планирано стратешко позиционирање, одржување и модернизирање**.**

Пазарната вредност на акциите на Друштвото во однос на утврдената номинална вредност во главном беше осцилирачка, со тенденција на пораст поради познатите делувања на побарувачка на берзата на акциите на Друштвото, и на објавите на ценовно чувствителните информации, но и на дејствија кои можат да се подведат под шпекулативни од аспект на присуство на содржински сомнителни текстови пласирани на сајтови на социјалните мрежи, што секако е својствено во услови на кризни и неизвесни години. Реалните индикатори и параметри за нивната вистинска пазарна вредност ќе можат да се утврдат по наше мислење, дури по престанок на општата криза и честите шпекулативни дејствија во јаноста.

Надзорниот одбор на Друштвото, а секако и Управниот одбор, го дели мислењето дека берзата на хартии од вредност и натаму ќе манифестира појави со осцилации предизвикани од пазарните законитости на понудата и побарувачката, од присуство на информации како берзански чувствителни информации (објавени од друштвото и под влијание на друштвото или необјавени од друштвото и пласирани независно од друштвото и без влијание на друштвото а произлезени од нередактирани написи, па дури и тие на социјалните мрежи), кои можат да се препознаат и во комерцијалните и политички ризици.

Во 2016 година, при услови на општа неликвидност, политичка криза и висока интерна задолженост помеѓу правните субјекти во внатрешниот промет, водена е активна и динамична политика кон деловните партнери, и банките каде, согласно можностите, обврските се испла-ќани редовно, а обврските се соодветно обезбедувани во заеднички договор со партнерите и соработниците.

Односите со добавувачите се на основна линија, предизвикана од општата неликвидност согласно што во наведениот сегмент и натаму постои укажана потреба од ревитализација и возобновување на добри партнерски односи на посакувано напредно ниво.

Платите и другите обврски и давачки кон вработените се подмирувани воглавно во постоечки услови, при висок степен на неликвидност на стопанството во земјата кој се одразува и на микро план.

Бројот на вработени во Друштвото во 2016 година бележи намалување и изнесува **350** вработени, што во однос на претходната година претставува промена за 84 вработени или (10)**%** (просечен број вработени врз основа на часови работа во пресметковниот период).

Во евидентни услови на невработеност и тешка економско - социјална положба на граѓаните, Скопски пазар А.Д. задржа стапка на вработеност на оптимално ниво, усогласена со општите прилики во стопанството и потребите во друштвото.

Инвестиционите вложувања и економскиот раст потпомогнат и сервисиран преку банкарски кредитни средства се строго дозирано и претпазливо водени согласно реалните состојби и прилики. Позитивен пример на домаќински однос и заштеди за Друштвото се постигнатите подобрувања од страна на менаџментот во условите за отплата на постоечките кредити со поповолни каматни стапки, а во согласност со кредитниот рејтинг на друштвото, условите на вкупната кредитна изложеност на друштвото и други параметри. Вкупните обврски на компанијата (краткорочни и долгорочни) се намалени за ________________ денари.

Евидентно е настојувањето Друштвото, преку надлежните органи и институции да води позитивна банкарска и каматна политика, т.е. крајно претпазливо. Деловните банки тешко ги прифаќаат промените во насока на поевтинување на цената ка кредитите и условите за кредитирање. На ригорозната селекција на кредитно способните и солвентни субјекти на пазарот кое го промовираат деловните банки во креирањето на сопствената кредитна политика, и натаму треба строго да се внимава.

Друштвото во периодот на кризни години го истакна и опстојува на прерогативот на општествено одговорна компанија, спремна, во рамките на своите можности, да се вклучи во сопствени проекти, дел на проекти на државата и проекти иницирани од други овластени субјекти со цел подобрување на општиот бизнис амбиент, заштитата на животната средина и сузбивање на сиромаштијата. Таков е и социјалниот проект за пристапување на иницијативата за создавање на банка за храна за загрозена категорија на население.

Бројни правни субјекти во услови на отежнато работење оствариja загуби. Нашето Друштво со преферирање на предностите на Друштвото и на заштеди буквално во сите сегменти на обавување на дејноста, во голем дел успеа да го одбегне ваквиот ризик.

Друштвото и менаџерскиот тим на органот на управување во голема мерка успеа дел од негативните тенденции на пазарот да ги амортизира, а кои особено ја погодува дејноста трговија.

Најзначајно е во идниот период да се обезбеди стабилна ликвидност, редовни и постојани извори на приходи и способност Друштвото во секој момент да одговори на превземените обврски.

И во ваквите услови и амбиент, постигнати се пристојни резултати во материјално – финансиското работење на Друштвото.

И оваа година, оценката за работата на Друштвото се темели врз утврдените резултати од работењето на Друштвото во целина. Показателите од работењето на сегментите на Друштвото интерно и од овластените органи и институции, како и независната ревизорска куќа и нејзиниот извештај (како поткрепа на исправното и позитивно материјално – финансиско работење на Друштвото базирано пред се на почитување на законските прописи) ја потврдува оценката за успешно завршена деловна година.

Измирувањата на сопствените обврски кон Државата е редовно и навремено. Во рамките на превземените кредитни обврски кон банките исто така - исполнително. Со одредени задоцнувања предизвикани од ланецот на општиот тренд на доцнења со исплати во стопанството во целина, се исполнуваат и обврските кон добавувачите. Благовремените известувања доставени до надлежните органи, почитувањето на законските и други позитивни прописи во редовното работење и особено задоволителните состојби во поглед на исполнителноста и отчетноста кон инспекциско – надзорните органи и контроли, укажуваат дека друштвото и во вака отежнати услови за рабоа, работело во согласност со прописите и интересите на акционерите и вработените.

Во 2016 година Скопски пазар А.Д. работеше и на заштита и афирмирање на постојните брендови во дејноста трговија.

Континуирано се развива **СП КЛУБ** кој помага да заштедите, а веќе брои над 47.000 членови.

Организирањето на Службата за внатрешна ревизија како независна служба во организаионата структура на Скопски пазар со јасно дефинирани цели и планови за работа, успешно и квалитетно ја обавува сопствената функција. Ревизија на процесите кои се одвиваат во Друштвото, извештаите, процедурите, политиките и нивната комплетност и правна (законска) втеменост, како и компетентноста на субјектите во процесите се една од темелните претпоставки за ефикасно работење и користење и управување со средствата на Друштвото. Службата за ревизија активностите ги обавуваше редовно, стручно, навремено и опфатно, во се согласно годишниот план за работа.

Работењето на СВР и во 2016 година продолжи според утврдениот годишен план за работа со активна контрола на процесите во сегментите на Друштвото по утврден приритет.

Покрај активностите кои Надзорниот одбор на Друштвото во рамките на своите надлежности ги обавуваше како колективен орган, поединечното работење на членовите на надзорниот одбор се карактеризира со поприсутна активност во зависност од профилот на стручната подготовка која истите ја имаат. Во таа смисла, активноста на независниот член Сашо Арсов како експерт од областа на економијата беше поизразена од аспект на аналитичките и информативно-советодавните активности во материјално – финансиското работење на Друштвото, на Звонко Стојчев во работите на помош во аналитиката и во прибирање екстерни податоци за успешно спроведување на дејностите на Друштвото, како и на претседателот Предраг Милосављевиќ, врз контрола на законските прописи во работењето на Друштвото (одредбите за правата, надлежностите и одговорностите на органите на Друштвото, нормативното уредување, имотно-правните односи, работно-правната проблематика и регулатива и други активности).

Анализата на вкупната состојба на Скопски пазар А.Д. покажува дека остварените деловни резултати во 2016 година можат да се оценат како задоволителни, остварени во комплексни стопански и пазарни услови, што претставува успешно завршена деловна година на Друштвото.

Работењето на Друштвото од аспект на ревизорскиот извештај и спремноста и ориентацијата на Друштвото кон почитување на нормите и принципите својствени за материјално-финансиско работење, е и извештајот на независната ревизорска куќа **GRANT THORTON - Skopje**. Сублимирано на следниот начин :

*Мислење :*

**"Наше мислење е дека, финансиските извештаи ја презентираат објективно, во сите материјални аспекти финансиската состојба на Скопски Пазар АД Скопје на ден 31. декември 2016 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш заврши, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија"**

*Нагласување на прашање :*

“**Без да изразиме резерва во нашето мислење**, посочуваме на внимание на Белешката 2.1.1 којашто укажува дека со состојба на 31. декември 2016 година тековните обврски на Друштвото, намалени за обврските по примени аванси од купувачи, ги надминуваат неговите тековни средства за износ од 400,117 илјади денари. Овие услови, заедно со другите прашања обелоденети во Белешката 2.2, укажуваат на постоење на материјална неизвесност којашто <u>може да наметне значајно сомневање</u> за способноста на Друштвото да продолжи врз основа на претпоставката за континуитет”

“Раководството на Друштвото оценува дека претпоставјката за континуитет применет при подготовката на овие финансиски извештаи е соодветна имајќи ги предвид ефектите од веќе превземените мерки и активности, како и очекуваните ефекти од планираните мерки и активности за подршка на одржливоста и развојот на деловните активбности на Друштвото. Детални обелоденувања се направени во Белешката 2.2 кон придружните финансиски извештаи”

“Овие финансиски извештаи не содржат било какви корекции и рекласификации на евидентираните износи на средствата и обврските кои што би биле неопходни доколку Друштвото не би продолжило со своите деловни активности во неограничена иднина”

*Извештај за други правни и регулаторни барања :*

“Наше мислење е дека историските финансиски информации објавени во Годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2016 година, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка И ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2016.”

Согласно тоа, како мислењето на ревизорите не е квалификувано како мислење со резерва, а е укажано на постојните пречки со тековната ликвидност и дисбалансот на тековните средства и тековните обврски за кои органот на управување подготвил соодветни мерки, општа оценка на Надзорниот одбор е дека Управниот одбор на Скопски пазар А.Д. Скопје и неговиот менаџерски тим, поединечно и како колективен орган, успешно го водеа процесот на управување во отежнати услови за стопанисување, а преку координирано делување усогласено со програмите за работа, развојните планови и реалните состојби на па зарот.

Констатација е, дека надлежностите утврдени со Закон и Статут на Друштвото, се извршувани успешно, тековните, програмски и развојни активности се вршени согласно позитивните законски и подзаконски прописи и општи акти на Друштвото, како и нормите на доброто домаќинско работење. Пројавените проблеми се совладувани со деловни решенија, во интерес на Друштвото, акционерите и вработените.

Надзорниот одбор, преку увид во доставените материјали, изготвувани за седниците на Управниот одбор и со увид во ефективноста на мериторно донесуваните одлуки, не мешајќи се притоа во надлежностите на Управниот одбор во управувањето со Друштвото, ги следеше и контролираше ефектите од донесените одлуки. За истите смета дека генерално се носени правовремено, согласно Закон и приликите кои тоа го овозможуваат, а во интерес на Друштво то, акционерите и сите вработени.

Во наредниот период Надзорниот одбор би требало да продолжи да се занимава со работа на донесување на стратегија и политики за управување со ризиците на Друштвото од страна на управниот одбор. Таа би требало да е соодветна на профилот на ризичност, видот и обемот на активностите на Друштвото и надворешното опкружување, така што да стане добра основа за идентификување, мерење, следење и контрола на ризиците со кои се соочува Друштвото во своето работење.

Стратегискиот ризик, изложеност на ликвидносен ризик, пазарен, оперативен и репутациски ризик и нивното дефинирање се задачи кои органот на управување и натаму во континуитет треба да ги следи. Процесот и системот на управување со ризик, соодветни процедури, развојни техники за предвидување, систем за следење, анализирање и проценка мора да се воспостават во реални рамки. Улогата и активноста на Секторите на Друштвото на чело со нивниот менаџмент и на Службата за внатрешна ревизија во овој сегмент се од особено значение. На тоа укажува и информацијата за работењето на СВР во изминатата година која претставува составен дел на овој извештај. Во наредниот период позајакната контрола ќе следи и на обелоденување на значајни информации, како тие поврзани со зделките, така и

тие што значат чувствителни информации. Во овој сегмент во претходната деловна година создаден е значаен напредок и на него треба да се инсистира и натаму.

Една од најважните работи е остварување на основните цели :

а) зачувување и унапредување на бизнис дејностите на компанијата
б) зачувување на имотот, целисходно располагање со истиот и негово ставање во функција на бизнисот, во оптимални граници
ц) гарантирање на стаусот на вработените и нивната социјална сигурност
д) подобрување на ликвидноста и способноста да се одговори на преземените обврски кон деловните партнери и доверителите

како и постигање на :

- финансиска стабилност (која не е оптимална)
- ликвидност (покриеност на краткорочните обврски со тековни средства и надминување на недостиг од работен капитал. Постигање и одржување на дневната ликвидност и способност на обврските да се одговори со свежи средства е стратешка цел и треба да биде општа заложба остварлива преку реализирање на зацртаните планови и програми утврдени од менаџментот) и
- деловна успешност во работењето (друштвото поседува потенцијал и капацитети кои треба да сестават во функција. До постигање на стабилно подобрување на услови те, би требало адекватно да се располага со имотот).

Неликвиноста може да создаде проблеми со плаќањата кон доверителите и дополнителни зголемени трошоци во работењето поради трошоци во постапките пред правосудните органи, нотарите, извршителите, вештаците, проценителите, катастарот и т.н.

Посебно внимание би требало да се посвети на работењето и процесите во секторот трговија. Секторот мора да одговори на предизвикот или да работи профитабилно и да не продуцира загуби или да се постави прашањето за оправданоста на неговото опстојување зашто станува ризик за севкупното работење и стабилност на компанијата. Во целиот процес секторот за маркетинг како природно и логистички поврзан со процесите во трговијата мора да се вклучи во изнаоѓање на стратешко решение за успешн и неопходни структурни, организациски и статусни промени. Останува обврската на управниот одбор, со подршка на надзорниот одбор, да подготви стратегија за секторот малопродажба кој последниве години се соочува со проблеми во своето работење.

Глобално, интерес е на субјектите во стопанството, меѓу кои и на Скопски пазар АД, промовираните стра тешки приоритети на Р.Македонија за периодот 2014 – 2018 година да се остварат што побрзо и што поцелосно, а особено тие за :

- зголемување на економскиот раст и вработеноста
- пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот
- борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото
- унапредување на условите за водење бизнис
- олеснување на пристапот до кредити
- независно и ефикасно судство преку натамошни реформи во полицијата и судството
- неселективно спроведување на правото
- поквалитетни услуги за граѓаните и фирмите преку длабоки реформи во јавната админ.
- активности, мерки и проекти со цел унапредување на деловната клима, бизнис опкружувањето и конкурентноста

Надзорниот одбор, на крајот на овој извештај, вклучувајќи ги и укажувањата и оценувајќи ја работата на Управниот одбор и материјално - финансиското работење на Друштвото во изминатата година како генерално успешна и реализирана во особено отежнати услови, заклучува дека се исполнети претпоставките Собранието да даде позитивна оценка за работењето на органите на друштвото и нивни те членови, како и на Друштвото во целина.

Скопје, 11.05.2017 година

**НАДЗОРЕН ОДБОР,**

Предраг Милосављевиќ - претседател

_________________________

Сашо Арсов – независен член _________________________

Звонко Стојчев - член _________________________

# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

**за одржани седници на Надзорниот одбор на Скопски пазар а.д. - Скопје**
**во период 24.04.2016 до 16.06.2017 година**

Во периодот од 24.04.2016 година до 16.06.2017 година, Надзорниот одбор на Друштвото има одржано 10 редовни седници, на кои се донесени 15 одлуки и 2 одобренија на одлуки на Управниот одбор.

Содржински одлуките се однесуваат на следните прашања: разгледување и усвојување на финансиски план за 2016 година, разгледување и усвојување на квартални и годишен финансиски извештај за работење на Друштвото, разгледување и усвојување на полугодишен и годишен извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија, разгледување на точки по ревидиран дневен ред за Собрание на акционери на 28.07.2016 година, донесување одлука за задолжување и заложување, разгледување и усвојување на Бизнис план за 2017 година, разгледување и усвојување на правилник, процедура и Годишен план за работење на Службата за внатрешна ревизија, одобрение за згаснување и за организирање на подружници, разгледување на ревизорски извештај и проценка за континуитет на друштвото, Одлуки за усвојување на ревидирана годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај, одлуки за отповикување и именување на членови на Управниот одбор на Друштвото, одобрение на одлука за давање овластување за застапување, како и разгледување на предлог барања за Собрание на акционери за 03.05.2017 година.

Записничар,

Бети Кољозова, с.р.